12) во близина на местата на кои се градат или се наоѓаат во погон нуклеарни постројки.

Собирањето мостри на вода се врши секојдневно, во текот на десет дена, и во десетдневни просечни мостри земени од секое одделно место од став 1 на овој член се мери вкупната бета активност на радиоактивните материи, на начинот предвиден во член 3 од овој правилник.

Резултатите на мерењето на вкупната бета активност на радиоактивните материи се изразуваат со pCi/1, а баждарењето на мерните инструменти се врши со стандардот ^{40}K.

Член 11

Ако вкупната бета активност на радиоактивните материи присутни во воздухот во текот на триесет дена ја преминува границата од 5 pCi/m³ на кое и да било место од член 2 на овој правилник, се врши испитување на контаминацијата со радиоактивни материи и на реките и езерата, и тоа на:

1) Купа кај Сисак:
2) Уна кај Босанска Дубица;
3) Врбас кај Бања Лука;
4) Босна кај Босански Шамац;
5) Дрина кај Зворник;
6) Неретва кај Чапљина;
7) Морача кај Титоград;
8) Велика Морава кај Ќуприја;
9) Бохинско Езеро;
10) Охридско Езеро;
11) Скадарско Езеро;
12) Дојранско Езеро;
13) Преспанско Езеро.

Собирањето мостри и мерењето на вкупната бета активност на радиоактивните материи се врши на начинот пропишан во член 10 ст. 2 и 3 од овој правилник, и тоа додека не ќе престанат причините од став 1 на овој член.

Член 12

Испитувањето на контаминацијата со радиоактивни материи на морето се врши во Ровињ, Риека, Сплит, Дубровник и Бар.

Мостри на морска вода се собираат секојдневно, а определување на ^{90}Sr и ^{137}Cs се врши во просечните месечни мостри.

Мостри на планктони се земаат во Ровињ еднаш месечно, а во другите места од став 1 на овој член — еднаш во два месеца. Во мострите на планктони се определуваат ^{106}Ru, ^{54}Mn, ^{60}Co, ^{90}Sr и ^{137}Cs.

4. Испитување на контаминацијата со радиоактивни материи на цврсти и течни врнежи

Член 13

Собирање на дневни мостри на цврсти и течни врнежи (дневен fall — out) се врши во Сараево, Титоград, Загреб, Скопје, Љубљана, Белград, Ниш, Приштина и Суботица, како и во непосредна близина на местата на кои се градат или се наоѓаат во погон нуклеарни постројки.

Собирање мостри на врнежи во местата од став 1 на овој член се врши секојдневно, 24 часа, на височина од 1 m над почвата. Земањето мостри се врши секој ден во 7,30 h. При собирањето на мострите се регистрира количеството на врежните, што се мери со стандардни метеоролошки уреди.

Член 14

Собирањето на месечни мостри на цврсти и течни врнежи, (месечни fall-out) се врши во Сараево, Бања Лука, Бихаќ, Ливно, Мостар, Тузла, Титоград, Загреб, Бјеловар, Дубровник, Осиек, Пула, Риека, Задар, Скопје, Гевгелија, Охрид, Љубљана, Бовец, Мурска Собота, Ново Место, Белград, Ниш, Заечар, Златибор. Крагуевац, Приштина, Призрен, Нови Сад и Суботица.

Мострите на врнежи од став 1 на овој член се собираат непрекинато, на височина од 1 m над почвата, така што да се добијат збирни месечни мостри и се мери количеството на врнежите во текот на собирањето на мострите.

Член 15

Мерењето на вкупната бета активност на радиоактивните материи во мострите од чл. 13 и 14 од овој правилник и идентификацијата на радионуклидите во тие мостри се врши на начинот пропишан во чл. 3 и 4 од овој правилник.

Резултатите на мерењето се изразуваат во mCi/km² за ден, односно во mCi/km² за месец, а по можност и во pCi/1.

Член 16

Стронциум — 90 се определува во месечни мостри на врнежи собрани во Сараево, Бања Лука, Мостар, Титоград, Загреб, Задар, Осиек, Скопје, Гевгелија, Љубљана, Бовец, Ново Место, Мурска Собота, Белград, Ниш, Заечар, Приштина, Нови Сад и Суботица.

Резултатите на мерењето се изразуваат во mCi/km² за месец, а по можност и во pCi/1.

Член 17

Цезијум — 137 се определува во месечни мостри на врнежи собрани во Сараево, Титоград, Загреб, Скопје, Љубљана, Белград, Приштина и Нови Сад, како и во непосредна близина на местата на кои се градат или се наоѓаат во погон нуклеарни постројки.

Резултатите на мерењето се изразуваат во mCi $^{137}Cs/km^2$ за месец, а по можност и во pCi/l.

Баждарење на мерните инструменти се врши со стандардот ^{137}Cs.

Ако просечната вредност на вкупната бета активност на радиоактивните материи во воздухот во текот на седум дена ја преминува границата од 5 pCi/m^3 на кое и да било место од член 2 на овој правилник, во месечните мостри на врнежите се врши идентификација на радионуклидите што го предизвикале таквото зголемување.

Член 18

Ако оправдано се претпоставува дека може да дојде до контаминација на воздухот со нова група на радионуклиди на целата територија или на дел на територијата на Југославија, во месечните мостри на врнежите се врши идентификација на радионуклидите и кога вкупната бета активност на радиоактивните материи во воздухот не ја преминува границата од 5 pCi/m^3.

Месечните мостри од став 1 на овој член се земаат во местата од член 17 став 1 на овој правилник.

5. Испитување на контаминацијата со радиоактивни материи на вода за пиење, на човечка и добиточна храна

Член 19

Испитување на контаминацијата со радиоактивни материи на вода за пиење се врши со земање мостри на вода од водоводи што служат за снабдување со вода за пиење на повеќе од 1000 жители.

Земање мостри на вода од водоводи што служат за снабдување со вода за пиење на повеќе од 100.000 жители се врши секојдневно, а мерењето на вкупната бета активност на радиоактивните материи се врши во просечна десетдневна мостра.

Земање мостри на вода од водоводи што служат за снабдување со вода за пиење од 50.000 до 100.000 жители и мерење на вкупната бета активност на радиоактивните материи се врши најмалку еднаш во три месеци.

Земање мостри на вода од водоводи што служат за снабдување со вода за пиење на 1.000 до 50.000 жители и мерење на вкупната бета активност на радиоактивните материи се врши најмалку еднаш годишно.

Земање мостри на минерални води од извориштата што се користат за пиење и мерење на содржината на природните радионуклиди се врши најмалку еднаш во шест месеци.

Член 20

Испитување на контаминацијата со радиоактивни материи на вода за пиење земена од цистерни се врши најмалку во 1% цистерни што се наоѓаат на територијата на републиката, односно автономната покраина.

Во една од цистерните од став 1 на овој член земање мостри на вода се врши секојдневно, а мерење на вкупната бета активност на радиоактивните материи се врши во просечна десетдневна мостра. Во другите цистерни определени за испитување на контаминацијата со радиоактивни материи, земање мостри на вода и мерење на вкупната бета активност, се врши најмалку еднаш во три месеци.

Член 21

Во мострите земени од водоводи што служат за снабдување со вода за пиење на повеќе од 100.000 жители и во мострите земени од цистерни од кои, во смисла на член 20 став 2 од овој правилник, мостри се земаат секојдневно, се определува концентрацијата на ^{90}Sr и ^{137}Cs. Определувањето на концентрацијата на ^{90}Sr и ^{137}Cs се врши во просечни месечни мостри.

Член 22

Испитување на контаминацијата со радиоактивни материи на човечка храна се врши особено во следните животни намирници: млеко, месо, пченица, пченка, леб, ориз, грав, зелка, пиперка и домати, јаболка, сливи, круши и грозје.

Во мострите на животните намирници од став 1 на овој член се определува концентрацијата на ^{90}Sr и ^{137}Cs, а, по потреба, и концентрацијата на другите радионуклиди.

Член 23

Испитување на контаминацијата со радиоактивни материи на човечка храна се врши најмалку еднаш во три месеци.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, испитување на контаминацијата со радиоактивни материи на млеко се врши во просечни месечни мостри земени во Сараево, Бања Лука, Мостар, Титоград, Загреб, Задар, Осиек, Скопје, Штип, Љубљана, Бохинска Бистрица, Кобарид, Мурска Собота, Белград, Ниш, Приштина и Нови Сад.

Ако вкупната бета активност на радиоактивните материи во воздухот ја преминува границата од 5 pCi/m^3 во текот на седум дена, на кое и да било место од член 2 на овој Правилник, во мострите на млекото земени во Сараево, Титоград, Загреб, Скопје, Љубљана, Белград, Приштина и Нови Сад се врши идентификација на радионуклидите што го предизвикале таквото зголемување.

Член 24

Со годишната програма за испитување на контаминацијата со радиоактивни материи на човечка храна се утврдуваат: видот на животните намирници и местата од кои се земаат мостри на одделните видови намирници, бројот на мострите чии испитувања ќе се вршат, начинот на земањето на мострите, видовите на испитувањата и другите елементи што овозможуваат процена на внесувањето на радионуклидите во организмот на луѓето што живеат во град, односно на село.

Член 25

Испитувањето на контаминацијата со радиоактивни материи на добиточна храна ја опфаќа храната (силажа, концентрат, сено, трева и сл.) што се користи за исхрана на крави, јуниња, телиња, свињи, овци и живина.

Со годишната програма за испитување на контаминацијата со радиоактивни материи на добиточна храна се утврдуваат: местата на кои се земаат мостри на храна заради испитување на видот на храната, бројот на мострите, начинот на земањето на мострите и видовите на испитувањата на тие мостри.

Член 26

Испитување на контаминацијата со радиоактивни материи на добиточна храна се врши најмалку еднаш во три месеци. Со испитувањата се определува концентрацијата на ^{90}Sr и ^{137}Cs.

Ако вкупната бета активност на радиоактивните материи во воздухот ја преминува границата од 1pCi/m^3 просечно во текот на седум дена на кое и да било место од член 2 на овој правилник, во мострите на тревата земени од подрачјето на Сараево, Титоград, Загреб, Скопје, Љубљана, Белград, Приштина и Нови Сад, се врши идентификација на радионуклидите, што го предизвикале таквото зголемување.

Член 27

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3361/1
11 април 1977 година
Белград

Претседател на
Сојузниот комитет за здравство и
социјална заштита,
Зора Томиќ, с. р.

346.

Врз основа на член 30 став 1 точка 2 од Законот за заштита од јонизирачки зрачења („Службен лист на СФРЈ", бр. 54/76), Сојузниот комитет за здравство и социјална заштита пропишува.

ПРАВИЛНИК

ЗА ГРАНИЦИТЕ НАД КОИ НАСЕЛЕНИЕТО И ЛИЦАТА ШТО РАБОТОТ СО ИЗВОРИ НА ЈОНИЗИРАЧКИ ЗРАЧЕЊА НЕ СМЕАТ ДА БИДАТ ИЗЛОЖЕНИ НА ОЗРАЧУВАЊЕ

Член 1

Населението и лицата што работат со извори на јонизирачки зрачења не смеат да бидат изложени на озрачување над границите пропишани со овој правилник.

Член 2

Населението не смее да биде изложено на озрачување, надворешно и внатрешно, над 0,17 rem-и годишно (генетски значајна доза).

Поединци, во средината во која живеат, не смеат да бидат изложени на озрачување на целото тело над 0,5 rem-и годишно.

Член 3

Оцената на степенот на озрачувањето на населението и на поединци се врши со мерење на контаминацијата со радиоактивни материи на човековата средина, со мерење на степенот на озрачувањето од одделни извори на зрачење, со мерење на вкупната гама активност на човековото тело и со утврдување на радионуклидите во органите и екскретите на човекот, а, по потреба, и на друг соодветен начин.

Член 4

Лицата што работат со извори на јонизирачки зрачења не смеат да бидат изложени на озрачување над следните граници:

Група на органите	Органи или ткива	rem годишно	rem тримесечно
I	Целото тело, гонади, коскена срж, очни леќи	5	3*
II	Кожа, штитна жлезда	30	10
III	Шаки, подлактици, стапала и членови	75	38
IV	Други органи и ткива	15	8

*) Жени до 30 години живот не смеат да бидат изложени на озрачување над 1,3 rem-и тримесечно

Член 5

Лицата што не работат со извори на јонизирачки зрачења, а кои во текот на вршењето на своите работи повремено се изложуваат на зрачење, не смеат да бидат озрачени повеќе од една третина на дозата на озрачувањето пропишана во член 4 на овој правилник.

Член 6

Дозите на озрачување од член 4 на овој правилник, при неутронско озрачување, се пресметуваат според следната табела:

Енергија на неутроните	Релативна биолошка ефикасност	Однос помеѓу дозите и неутронскиот флукс: флукс на неутроните кој одговара на јачина на доза од 2,5 mR/h /n/cm²/s/	Однос помеѓу дозите и неутронскиот флукс: интегрален флукс на неутрони кој одговара на доза од 1 rem /n/cm²/
термичка	3,0	670	$9,6\times10^8$
5 keV	2,5	570	$8,2\times10^8$
20 keV	5,0	280	$4,0\times10^8$
100 keV	8,0	80	$1,2\times10^8$
500 keV	10,0	30	$4,3\times10^7$
1 MeV	10,5	18	$2,6\times10^7$
5 MeV	7,0	18	$2,6\times10^7$
10 MeV	6,5	17	$2,4\times10^7$

Член 7

Ако со овој правилник не е определено поинаку, вкупно собраната доза на озрачување на целото тело, гонадите, коскената срж или на очните леќи на лицето што работи со извори на јонизирачки зрачења не смее, во текот на неговата целокупна работа со извори на јонизирачки зрачења, да ја преминува границата одредена во следниот образец:

$$D=5\ (N-18)$$

во кој D ја означува дозата во rem-и, а N ги означува годините на животот.

Член 8

Лицата што работат со извори на јонизирачки зрачења можат да бидат изложени на озрачување над границите од член 4 на овој правилник, ако вршат:

1) поправки и прегледи на нуклеарни постројки и уреди или други работи што е неопходно повремено да се извршат заради одржување или користење на нуклеарните постројки, односно уреди;

2) отстранување на ненадејни растројувања и расипувања при работата со извори на јонизирачки зрачења;

3) спроведување на деконтаминација;

4) спречување на поголеми хаварии;

5) спасување на животот на луѓето;

6) отстранување на непосредна опасност по животот или здравјето на поголем број луѓе.

Работите од точ. 1 до 3 став 1 на овој член не можат да ги вршат жени до 30 години живот, како ниту лица кои во било кој поранешен период еднократно се озрачени со доза над пет rem-и и ако на почетокот на вршењето на тие работи вкупно примената доза ја преминува дозата утврдена со образецот од член 7 на овој правилник.

Член 9

При вршењето на работите од член 8 став 1 точ. 1 до 3 на овој правилник, озрачувањето на целото

тело, гонадите, коскената срж или очните леќи на лицето што ги врши тие работи не смее да ја премина границата од 12 rem-и, а при вршењето на работите од член 8 став 1 точ. 4 до 6 на овој правилник — границата од 25 rem-и.

Вкупно собраната доза на озрачување на лицата што ги вршат работите од член 8 на овој правилник, а кои при вршењето на тие работи се еднократно озрачени над 5 rem-и, односно над 12 rem-и, мора да се сведе на границата одредена со образецот од член 7 на овој правилник во рок од пет години, односно во рок од десет години од денот на еднократното озрачување.

Член 10

Утврдувањето на степенот на изложеноста на озрачување се врши со филм-дозиметри или термолуминисцентни дозиметри кои за време на работата ги носи секое лице што е изложено на озрачување, а, по потреба, и со други средства и постапки за контрола на примените дози на озрачување.

Утврдувањето на степенот на изложеноста на озрачување со филм-дозиметри односно со термолуминисцентни дозиметри на лицата што работат со зво на јониз ачк зрачења се в еднаш м сечно, а утврдувањето на степенот на изложеноста на озрачување на лицата од член 5 на овој правилник — еднаш тримесечно.

Член 11

Во границите на озрачувањето пропишани со овој правилник не се засметуваат дозите на озрачување со природен фон ниту дозите на озрачување што ги примаат лицата во текот на медицинско применување на јонизирачки зрачења.

Член 12

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3361/2
11 април 1977 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
здравство и социјална
заштита,
Зора Томиќ, с. р.

347.

Врз основа на член 30 став 1 точка 4 од Законот за заштита од јонизирачки зрачења („Службен лист на СФРЈ", бр. 54/76), Сојузниот комитет за здравство и социјална заштита пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ПУШТАЊЕ ВО ПРОМЕТ И КОРИСТЕЊЕ НА РАДИОАКТИВНИ МАТЕРИИ НАД ОДРЕДЕНАТА ГРАНИЦА НА АКТИВНОСТ, РЕНДГЕН-АПАРАТИ И ДРУГИ АПАРАТИ ШТО ПРОИЗВЕДУВААТ ЈОНИЗИРАЧКИ ЗРАЧЕЊА И ЗА МЕРКИТЕ ЗА ЗАШТИТА ОД ЗРАЧЕЊЕТО НА ТИЕ ИЗВОРИ

Член 1

Пуштањето во промет и користењето на радиоактивните материи над одредената граница на активност, пуштањето во промет и користењето на рендген-апарати и други апарати што произведуваат јонизирачки зрачења, како и мерките за заштита од зрачењето на тие извори, се врши на начинот и под условите што се пропишани со овој правилник.

Член 2

Како радиоактивни материи над одредената граница на активност, во смисла на овој правилник, се подразбираат материите чија специфична и вкупна активност е поголема од активностите означени во следната табела:

Група на радиотоксичноста на радиоактивните материи	Специфична активност изразена во микрокири/грамови	Вкупна активност изразена во микрокири
I	0,002	0,1
II	0,02	1,0
III	0,2	10,0
IV	2,1	100,0

Член 3

Во I група спаѓаат радиоактивните материи со мошне висока радиотоксичност, и тоа:

^{90}Sr, ^{210}Po, ^{226}Ra, ^{228}Ra, ^{227}Ac, ^{226}Th, ^{230}Th, ^{232}Th, Th (природен), ^{231}Pa, ^{239}Pu, сите изотопи Pu, Np, Am, Cf, Bk, Cm.

Во II група спаѓаат радиоактивните материи со висока радиотоксичност и тоа:

^{22}Na, ^{45}Ca, ^{60}Co, ^{89}Sr, ^{91}Y, ^{106}Ru, ^{110m}Ag, ^{126}J, ^{129}J, ^{131}J, ^{134}Cs, ^{137}Cs, ^{144}Ce, ^{152}Eu, ^{154}Eu, ^{181}Hf, ^{212}Pb, ^{207}Bi, ^{210}Bi, ^{227}Th, ^{211}At, ^{223}Ra, ^{224}Ra, $^{230-238}$U, U (природен).

Во III група спаѓаат радиоактивните материи со средна радиотоксичност, и тоа:

^{7}Be, ^{15}O, ^{13}N, ^{24}Na, ^{31}Si, ^{32}P, ^{35}S, ^{36}Cl, ^{42}K, ^{47}Ca, ^{46}Sc, ^{47}Sc, ^{48}Sc, ^{48m}V, ^{52}Mn, ^{54}Mn, ^{56}Mn, ^{55}Fe, ^{59}Fe, ^{57}Co, ^{58}Co, ^{59}Ni, ^{63}Ni, ^{65}Ni, ^{64}Cu, ^{65}Zu, ^{69m}Zn, ^{72}Ga, ^{73}As, ^{74}As, ^{76}As, ^{77}As, ^{75}Se, ^{82}Br, ^{87}Kr, ^{86}Rb, ^{88}Rb, ^{85}Sr, ^{91}Sr, ^{92}Sr, ^{90}Y, ^{92}Y, ^{93}Y, ^{93}Cr, ^{95}Cr, ^{97}Cr, ^{93m}Nb, ^{95}Nb, ^{99}Mo, ^{96}Tc, ^{97m}Tc, ^{97}Tc, ^{99}Tc, ^{105}Ru, ^{105}Rh, ^{103}Pd, ^{109}Pd, ^{105}Ag, ^{111}Ag, ^{109}Cd, ^{115m}Cd, ^{115}Cd, ^{114m}In, ^{115}Xn, ^{113}Sn, ^{125}Sn, ^{122}Sb, ^{124}Sb, ^{125}Sb, ^{125m}Te, ^{127m}T, ^{129m}Te, ^{131m}Te, ^{132}Te, ^{132}J, ^{133}J, ^{134}J, ^{135}J, ^{135}Cs, ^{136}Cs, ^{131}Ba, ^{140}Ba, ^{140}Ia, ^{196}Au, ^{198}Au, ^{199}Au.

Во IV група спаѓаат радиоактивните материи со ниска радиотоксичност, и тоа:

^{3}H, ^{11}C, ^{14}C, ^{13}N, ^{17}N, ^{18}F, ^{38}Cl, ^{37}Ar, ^{41}Ar, ^{51}Cr, ^{58m}Co, ^{69}Cn, ^{71}Ge, ^{77}Kr, ^{85m}Kr, ^{85}Kr, ^{85m}Sr, ^{91m}Y, ^{97}Nb, ^{96m}Tc, ^{99m}Tc, ^{97}Ru, ^{103m}Rh, ^{113m}In, ^{120}Sb, ^{129}Te, ^{133}Ke, ^{131m}Xe, ^{133}Xe, ^{135}Xe, ^{131}Cs, ^{134m}Cs, ^{139}Ba, ^{141}La, ^{142}La, ^{145}Ce, ^{144}Pr, ^{145}Pr, ^{146}Pr, ^{165}Dy, ^{101m}Os, ^{139m}Pt, ^{107m}Pt, ^{203}Pb.

Член 4

Радиоактивните материи од член 2 на овој правилник можат да се користат само во посебни лаборатории изградени и опремени за работа со материи од соодветна специфична и вкупна активност, на начинот кој обезбедува заштита од јонизирачки зрачења на лицата вработени во тие лаборатории.

Радиоактивни материи можат да се користат и во човековата средина под условите на никој начин да не се пречекори дозволената граница на озрачување на човековата средина поради користење на радиоактивните материи.

Радиоактивните материи чија специфична и вкупна активност е еднаква или помала од актив-

ностите наведени во член 2 на овој правилник можат да се користат и во обични лаборатории.

Член 5

Лабораториите во кои се работи со отворени радиоактивни материи над границата на активноста одредена со овој правилник, со својата локација, опрема (вентилација, канализација, градежни детали, мебел), видот на радионуклидите и видовите на работите што се намераваат да се вршат во нив, мораат да им одговараат на условите за работа со овие материи.

Член 6

Во лабораториите во кои се користат радиоактивни материи (член 4) мора да се води посебна книга на евиденцијата за радиоактивните материи во која се внесуваат податоци за количината на набавените радиоактивни материи и податоци за тоа откаде се набавени и за која цел се потрошени тие материи.

Член 7

Во просториите во кои се работи со отворени радиоактивни материи контаминацијата на ѕидовити, подовите, предметите, облеката и кожата на лицата што работат во тие простории не смее да ги преминува границите означени во следната табела:

Група на радиотоксичност на радиоелементите	Површина на просторијата за работа и предмети во неа	Облеки на вработените лица	Кожа на вработените лица
I	Алфа иззрачувач 10^{-4} μCi/cm²	Алфа иззрачувач 10^{-5} μCi/cm²	Алфа иззрачувач $5,10^{-6}$ μCi/cm²
	Бета иззрачувач 10^{-3} μCi/cm²	Бета иззрачувач 10^{-4} μCi/cm²	Бета иззрачувач $5,10^{-5}$ μCi/cm²
II, III и IV	10^{-3} μCi/cm²	10^{-4} μCi/cm²	$5,10^{-5}$ μCi/cm²

Член 8

Подвижните заштитни ѕидови, ѕидовите, вратата и прозорците во просториите во кои постојано се наоѓаат радиоактивни материи над одредената граница на активност, или во кои се работи со тие материи, не смеат на надворешните страни да пропуштаат, на оддалеченост од еден метар, поголема доза на зрачење од 5 mR/h.

Ако лица што работат во такви простории се задржуваат на оддалеченост помала од еден метар од ѕидот, дозата на зрачењето не смее при повремено задржување да премине 5 mR/h, а при постојано задржување — 2,5 mR/h.

Член 9

Рендген-апаратите и просториите во кои се користат рендген-апарати мораат да им одговараат на одредените услови во поглед на заштитата од рендгенски зраци и од висок напон на електричната струја.

Член 10

Забрането е да се користат рендген-апарати за рекламни цели.

Рендген-апаратите со слободно пристапен висок напон на електрична струја во рендгенската цевка, не смеат да се користат за прегледи и лекување ниту да се пуштаат во промет.

Член 11

Подвижните рендген-апарати и рендген-апаратите вградени во превозни средства (автомобил, железнички вагон и сл.), не смеат да имаат слободно пристапен висок напон на електрична струја.

Член 12

Рендген-апаратите мораат да бидат прописно заземјени.

Подот на просторијата во која е сместен стационарен рендген-апарат или делови од рендген-апарат мора да биде од изолационен материјал (дрво, гума и сл.).

Член 13

Во доводните водови на електричната мрежа мораат да се вградуваат осигурувачи што му одговараат на оптоварувањето на рендген-апаратот.

Член 14

Прекинувачот на мрежната електрична струја која го напојува рендген-апаратот мора да му биде лесно пристапен на лицето што работи со рендген-апаратот.

Одредбата од став 1 на овој член не се однесува на подвижните и забарските рендген-апарати што се вклучуваат по пат на штекер со заштитно заземјување.

Член 15

Во е на п осто и а може, по п авило, а биде сместен само еден дијагностички рендген-апарат чиј напон на електрична струја во рентгенската цевка не преминува 150 kV

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, во една просторија можат да се сместат две или повеќе рендгенски цевки, под услов електричната струја во рендгенската цевка на секој од тие апарати да не надминува 150 kV и ако тоа го бара техниката на прегледот кој ќе се врши со тој апарат.

Член 16

Ако во една просторија се сместуваат повеќе дијагностички апарати за разни намени, со погодно електрично врзување мора да се исклучи можноста за истовремена употреба на повеќе од еден апарат.

е 7

Ако рендген-апаратот кој се употребува за лекување има две рендгенски цевки со кои може истовремено да се работи, секоја од тие цевки мора да биде сместена во посебна просторија. Ако рендгенските цевки не можат да работат истовремено, можат да се сместат и во една просторија. Од тоа се изземаат апаратите кај кои две цевки истовремено се употребуваат за озрачување на еден пациент.

Член 18

Рендген-апаратите кај кои напонот на електричната струја во рендгенската цевка надминува 150 kV, а чии сите делови се заштитени од висок напон, мораат да бидат сместени најмалку во две простории. Во едната просторија се сместува командната маса на рендген-апаратот, а во другата просторија — другите делови на рендген-апаратот.

Рендген-апаратите чии, што само одделни делови се заштитени од висок напон на електрична струја мораат да бидат сместени во три простории. Во една просторија се сместува командната маса, во друга просторија — трансформаторот, а во трета просторија — рендгенската цевка.

Рендген-апаратите за употреба во стопанството, ако се употребуваат вон посебно уредени простории, мораат да се постават така што, освен работниците што ракуваат со нив, другата средина да не биде изложена на зрачење.

Член 19

Просторијата во која е сместен стационарен рендген-апарат со напон на електрична струја над 60 kV или само дел од таков рендген-апарат со рендгенска цевка, мора да има широчина најмалку 3 m а вкупна површина најмалку 16 m².

Просторијата во која е сместен забарски рендген-апарат, односно просторијата во која е сместен рендген-апарат чиј напон на електрична струја во рендгенската цевка не надминува 60 kV, мора да има површина од најмалку 8 m².

Член 20

Просторијата во која е сместен дијагностички или тераписки рендген-апарат или дел од рендген-апарат со рендгенска цевка, мора да има уред за проветрување со најмалку четири измени на воздухот во текот на еден час или комплетен уред за проветрување и климатизација.

Член 21

Делот од рендген-апарат со рендгенската цевка, без оглед на видот на рендген-апаратот и на височината на напонот на електричната струја во рендгенската цевка мора да се постави така што фокусот на рендгенската цевка во правец на централниот зрак да биде оддалечена од ѕидот на просторијата најмалку 2 m, а другите страни на цевката најмалку по 1 m, и тоа при сите можни положби што ги зазема цевката при користењето на рендген-апаратот.

Член 22

Рендгенска цевка со сопствена заштита (куќиште) може да се употребува:

1) ако куќиштето во кое е сместена рендгенската цевка има отвор само за минување на корисниот сноп на зраци;

2) ако куќиштето е изработено така што, кога апаратот работи под максимално оптоварување и под условите на рендгенско просветлување при затворен отвор за минување на корисниот сноп на зраци, да не пропушта на оддалеченост поголема од 1 m во било кој правец доза на рендгенски зраци поголема од 100 mR/h за напон од 150 kV, односно поголема од 1 R/h за напон над 150 kV.

Член 23

Рендгенските зраци што се употребуваат во медицината мораат да бидат филтрирани. Филтрите мораат да бидат вградени врз отворот на куќиштето за минување на корисниот сноп на зраци, со обележен хемиски знак и обележена дебелина на материјалот од кој се изведени.

При преглед рендгенските зраци мораат да се филтрираат со филтер од алуминиум од најмалку 1 mm дебелина за напон на електрична струја до 60 kV, од најмалку 2 mm дебелина за напон на електрична струја од 60 до 100 kV и од 3 до 4 mm дебелина за напон на електрична струја од 100 до 125 kV, а со филтер од бакар од најмалку 0,3 mm дебелина за напон на електрична струја над 125 kV.

Рендгенските зраци што се употребуваат за просветлување при хируршки и ортопедски зафати мораат да бидат филтрирани со филтер од најмалку 3 mm дебелина.

Во дебелината на филтерот се засметува и силата на филтрирањето на стаклото на рендгенската цевка, пресметана во вредноста на дебелината на алуминиумот или бакарот.

Член 24

Врз рендген-апаратите што се употребуваат за лекување, филтрите мораат да бидат видно обележени така што хемискиот знак и дебелината на материјалот од кој се произведени да се гледаат од местото што се наоѓа покрај командната маса.

Член 25

Стативот на рендген-апаратот кој се употребува за преглед мора да има екран, скутник од оловна гума под екранот и параван за лекарот.

Екранот мора да биде од оловно стакло и да има големина најмалку 35,6 × 35,6 cm. Помеѓу екранот и неговата рамка не смее да постои можност за минување на рендгенските зраци.

Стаклото врз екранот кај рендген-апаратите кај кои напонот на електрична струја во рендгенската цевка при просветлување не надминува 75 kV мора да има заштитна сила на олово од најмалку 1,8 mm дебелина, а над 75 до 100 kV — 2 mm оловен еквивалент. За напони поголеми од 100 kV заштитната сила на ова стакло треба да се зголеми за секој киловат со најмалку 0,01 mm дебелина на олово.

Врз уредот за нишањето снимање не треба да се зголемува еквивалентот на оловото врз екранот, ако напонот на електричната струја при снимањето не надминува 135 kV.

Скутникот под екранот мора да биде составен од најмалку три надолжни дела и нивните внатрешни рабови мораат да се преклопуваат најмалку по 1 cm. Скутникот мора да биде од иста широчина како и екранот, а должината најмалку 40 cm.

При просветлување, скутникот мора да има заштитна сила на олово од најмалку 0,2 mm дебелина за напон на електрична струја во рендгенската цевка до 75 kV, а најмалку 0,5 mm дебелина — за напон на електрична струја во рендгенската цевка од 75 до 100 kV.

При просветлување кон стативот мора да се постави заштитна столица за лекарот која мора да има заштитна сила на олово од најмалку 0,7 mm дебелина.

Член 26

Оддалеченоста на фокусот на рендгенската цевка од лицето над кое се врши просветлување мора да изнесува најмалку 35 cm.

Тубусот на рендген-апаратот за снимање заби со 10 и повеќе милиампери и 60 и повеќе kV, мора да обезбеди најмалку 17 cm растојание фокус — кожа.

Прстенот врз цевката на рендген-апаратот за снимање заби со 50 kV и 7 милиампери смее да овозможи озрачено поле врз кожата најмалку до 6 cm во дијаметар.

Член 27

Ако командната маса се наоѓа во просторијата во која е сместена рендгенската цевка, мора да биде заштитена со параван или со кабина. Паравантот мора да има височина од најмалку 200 cm, а од подот може да биде оддалечен најмногу до 10 cm. Ширината на паравантот мора да биде најмалку 135 cm.

Паравантот, односно кабината не смее да пропушта на страната кон командната маса доза на рендгенски зраци поголема од дозата што е пропишана за лицата што работат со извори на јонизирачки зрачења.

Член 28

Рендген-апаратот за флуорографски снимања мора да има кабина за лицата што се снимаат.

Кабината мора да биде опремена со уред за автоматски прекин на електричната струја, кој онемозможува вклучување на рендген-апаратот ако вратата од кабината не е затворена.

Ѕидовите од кабината не смеат да пропуштаат дози на рендгенски зраци поголеми од 5 mR/h до работното место на рендген-техничарот.

Член 29

Рендген-апаратот за просветлување материјали во индустријата мора да биде сместен во две простории. Во една просторија се сместуваат рендгенската цевка и масата за испитување на материјали со уредот за автоматско поместување на материјалот кој се просветлува, а во другата просторија — командната маса, оловното стакло или оптичкиот систем за набљудување на екранот.

Ѕидовите од просторијата не смеат да пропуштаат врз своите надворешни површини доза на рендгенски зраци поголема од 2 mR/h.

Член 30

Стационарен рендген-апарат кој се употребува за лекување или испитување на материјали, мора да има уред за автоматски прекин на електричната струја при секое отворање на вратата од просторијата во која се наоѓаат рендгенските цевки.

За време на употребата на подвижните рендген-апарати во индустријата мора со погодни гранични знаци да се обележи зоната на рендгенските зраци.

Член 31

Рендген-апаратот што се употребува за кристалографија мора да има автоматска завеса која овозможува работа на рендген-апаратот без соодветни тубуси.

Член 32

Лицата што работат со рендген-апарати мораат да бидат снабдени со исправни заштитни средства (скутник и нараквици).

Заштитниот скутник мора да го покрива лицето што го носи, од клучните коски до половината на потколеницата, да ги опфати страните од колковите и да има заштитна сила на олово од најмалку 0,2 mm дебелина.

Заштитните нараквици мораат да имаат посебен простор за секој прст и да допираат неколку сантиметри под лактите, како и да имаат заштитна сила на олово од најмалку 0,2 mm дебелина.

Член 33

При вршењето на пиелографија или хистеросалпинографија мораат да се употребуваат длабински завеси или тубуси кои допираат до кожата од лицето што се снима, ако тоа не се врши под контрола на просветлување со нишањето снимање.

При брзо сериско снимање со апарати за автоматски транспорт на филмови, контрастни средства мораат да се впрскуваат само со соодветни уреди за впрскување.

Член 34

При просветлување на желудникот или цревата, лекарот мора да има направа за палпирање (дистинктор) или тубус за компресија. Палпирање не смее да се врши со незаштитена рака.

При просветлување или снимање на деца, стари или истоштени лица, се употребуваат, по правило, специјални помагала за придржување на тие лица, кои овозможуваат правилен преглед, а исклучуваат можност на изложување на медицинскиот персонал на рендгенско зрачење.

Член 35

Организациите на здружениот труд што употребуваат рендген-апарати за лекување мораат, освен пропишаните заштитни средства и мерните инструменти, да имаат и апарат за мерење на дозата на рендгенските зраци (дозиметар).

Член 36

Организациите на здружениот труд што користат рендген-апарати се должни да обезбедат повремен преглед на рендген-апаратите, заштита од електрична струја со висок напон и рендгенски зраци, како и преглед на мерните инструменти и заштитните средства.

Преглед на рендген-апаратите што се употребуваат за лекување, просветлување, снимање, односно преглед на материјали, како и преглед на исправноста на мерните инструменти и заштитните средства мора да се врши најмалку еднаш годишно.

Член 37

Лицето што постојано работи со рендген-апарати не смее да биде целосно или делумно изложено на примарен сноп на рендгенски зраци, не смее да придржува лице над кое се врши просветлување, снимање или лекување и не смее да придржува касети со филмови или други предмети при снимање.

Член 38

Преглед или лекување со рендген-апарати мора да се врши на начинот и под условите, кои онемозможуваат лицето што се прегледува или се лекува да биде непотребно изложено на примарен сноп на рендгенски зраци или на секундарно зрачење.

Член 39

Лицата што се прегледуваат или се лекуваат со рендген-апарати, мораат да бидат заштитени со заштитни средства (скутник, суспензориум и др.), ако употребата на таквите средства не го попречува правилното вршење на прегледот или лекувањето. Тие средства мораат да имаат заштитна сила на олово од најмалку 0,5 mm дебелина.

При спроведувањето на заштитните мерки, мора да се обрне особено внимание на заштитата на јајчниците, семеникот и крвотворните органи.

Член 40

Рендгенски преглед на деца, младина и бремени жени се врши само врз основа на неопходни медицински индикации и, по правило, со снимање.

Систематски рендгенски преглед се вршат само со флуорограф или со снимање на белите дробови.

Член 41

Одредбите од овој правилник што се однесуваат на прегледот и лекувањето со ренген-апарати, на заштитата на лицата што работат со рендген-апарат и на водењето на евиденции, согласно ќе се применуваат и во ветеринарството, како и при користењето на рендген-апарати за други цели.

Член 42

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3361/3
11 април 1977 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
здравство и социјална
заштита,
Зора Томиќ, с. р.

348.

Врз основа на член 30 став 1 точка 5 од Законот за заштита од јонизирачки зрачења („Службен лист на СФРЈ", бр. 54/76), Сојузниот комитет за здравство и социјална заштита пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ПОВРЕМЕНИТЕ МЕРЕЊА НА СТЕПЕНОТ НА ИЗЛОЖЕНОСТА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА ЈОНИЗИРАЧКИ ЗРАЧЕЊА, ЗА ПРОВЕРУВАЊЕТО НА КОНТАМИНАЦИЈАТА НА РАБОТНАТА СРЕДИНА И ЗА ПРОВЕРУВАЊЕТО НА ИСПРАВНОСТА НА МЕРНИТЕ ИНСТРУМЕНТИ И НА ЗАШТИТНИТЕ СРЕДСТВА

Член 1

Повремените мерења на степенот на изложеноста на работните места на јонизирачки зрачења, проверувањето на контаминација на работната средина и проверувањето на исправноста на мерните инструменти и на заштитните средства што се користат при работата со извори на јонизирачки зрачења, се вршат во роковите и на начинот пропишан со овој правилник.

Член 2

На работните места на кои се работи со извори на јонизирачки зрачења се вршат повремени мерења на степенот на изложеноста на тие места на јонизирачки зрачења и проверување на контаминацијата на работната средина и тоа:

1) на работните места и на работната средина во која се работи со отворени извори што содржат радиоактивни материи со висока токсичност — најмалку еднаш во шест месеци, а на работните места и на работната средина во која се работи со други отворени извори на јонизирачки зрачења — најмалку еднаш годишно;

2) на работните места и на работната средина во која се работи со затворени извори што содржат радиоактивни материи или со рендген-апарати — најмалку еднаш годишно, а со бетатрони, неутронски и други генератори — најмалку еднаш во шест месеци;

3) на работните места и на работната средина во нуклеарни електрани, во лаборатории за работа со високи активности на радиоактивни материи, во објекти за чување, обработување и конечно сместување на радиоактивни отпадни материи, како и на работните места и на работната средина во која се работи со нуклеарни реактори, акцелератори, постројки за преработка на радиоактивни руди и други нуклеарни суровини, озрачени горива и фисиони продукти и со други нуклеарни постројки — најмалку еднаш во шест месеци.

Член 3

Проверување на контаминацијата на лицата што работат со отворени извори на јонизирачки зрачења, се врши, и тоа:

1) на надворешната контаминација — со непосредно мерење врз кожата;

2) на внатрешната контаминација — по потреба.

Член 4

Проверување на контаминацијата во работната средина во која се работи со отворени извори на јонизирачки зрачења, се врши:

1) со испитување на воздухот — најмалку едно мерење во секоја просторија односно на место на секоја работна операција во рудник на уран, на височина од 1,5 m од површината на која се наоѓа работникот;

2) со испитување на предметите (работните маси, лабораториската опрема и сл.) — најмалку едно мерење на еден m^2;

3) со испитување на подовите, ѕидовите и таваните од просториите — најмалку едно мерење на површина од 2 m^2 до 50 m^2, зависно од големината и намената на просториите.

Член 5

Проверување на контаминацијата во смисла на чл. 3 и 4 од овој правилник се врши според методите што им одговараат на најактивните и најтоксичните радионуклиди со кои се работи.

Член 6

Проверување на сноповите на зрачењето од изворите што се користат за терапевтски цели во медицината се врши најмалку еднаш во шест месеци.

Член 7

Проверување на исправноста на мерните инструменти се врши, и тоа:

1) на инструментите со кои се мерат медицинско-терапевтски дози — двапати годишно;

2) на инструментите со кои се мерат дози во секундарното поле на зрачењето — еднаш годишно;

3) на инструментите со кои се контролира контаминацијата на лица, работни простории, лични и други заштитни средства и опрема за работа — еднаш годишно;

Проверување на исправноста на мерните инструменти од став 1 на овој член се врши и по секоја извршена поправка на мерните инструменти.

Проверување на исправноста на мерните инструменти со кои:

1) се мерат медицинско-терапевтски дози, се врши со точност од најмалку 5%;

2) се мерат дози во секундарното поле на зрачење, се врши со точност од 10%, а на стилодозиметар — со точност од 20%;

3) се контролира контаминацијата на работните простории и на заштитните средства за работа и надворешната контаминација на лицата, се врши со точност од 20%.

Во атестот за исправноста на мерните инструменти од став 1 на овој член се наведува методата според која е извршено баждарењето на тие инструменти.

Член 8

Проверување на исправноста на заштитните средства што се користат при работата со рендген-апарати и со други затворени извори на јонизирачки зрачења се врши најмалку еднаш годишно.

Проверување на исправноста на средствата за лична заштита во постројки, уреди и објекти од член 2 точка 3 се врши истовремено кога и повремените мерења од член 2 на овој правилник.

Член 9

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3361/4
11 април 1977 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
здравство и социјална
заштита,
Зора Томиќ, с. р.

349.

Врз основа на член 30 став 1 точка 7 од Законот за заштита од јонизирачки зрачења („Службен лист на СФРЈ", бр. 54/76), Сојузниот комитет за здравство и социјална заштита пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА СТРУЧНАТА ПОДГОТОВКА, ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛОВИ И ЗДРАВСТВЕНИТЕ ПРЕГЛЕДИ НА ЛИЦАТА ШТО МОЖАТ ДА РАБОТАТ СО ИЗВОРИ НА ЈОНИЗИРАЧКИ ЗРАЧЕЊА

Член 1

Со извори на јонизирачки зрачења можат да работат лицата што имаат стручна подготовка и ги исполнуваат здравствените услови пропишани со овој правилник.

Член 2

Со рендген-апарати што се користат за прегледи и лекувања (дијагностика и терапија) во медицината, можат да работат лекарите специјалисти за рендгенологија.

Со рендген-апарати што се користат за дијагностика во медицината и во ветеринарството можат да работат, во рамките на својата специјалност, и лекари специјалисти од други гранки на медицината, други лекари и стоматолози, односно ветеринари што се оспособени за работа врз рендгенска дијагностика и за спроведување на заштитата од јонизирачки зрачења.

Со рендген-апарати можат да работат лица што имаат виша или средна стручна подготовка од радиолошка насока, а со рендген-апарати за снимање заби — и забари, забни асистенти и забни техничари што имаат докази дека се оспособени за работа со рендген-апарати.

Член 3

Со затворени извори на јонизирачки зрачења што се користат за лекување во медицината можат да работат лекари специјалисти за рендгенологија, лекари од други специјалности што се оспособени за работа со извори на јонизирачки зрачења и лица што имаат виша или средна стручна подготовка од радиолошка насока.

Член 4

Со рендген-апарати и други затворени извори јонизирачки зрачења што се користат за научноистражувачка работа, за испитување материјали и за други цели во индустријата и во други стопански гранки, како и во индустриското производство на рендген-апарати, на местата што се изложени на јонизирачки зрачења можат да работат лицата од член 2 на овој правилник, лицата што во текот на школувањето се оспособиле за работа со рендген-апарати, односно со други затворени извори на јонизирачки зрачења, како и лицата што со дополнително образование стручно се оспособени за работа со тие извори и што имаат доказ дека се стручно оспособени за вршење на тие работи.

Член 5

Со радиоактивни материи над границата на активноста одредена со посебни прописи, што претставуваат отворени извори на јонизирачки зрачења, можат да работат лица што имаат доказ дека, во текот на школувањето или со дополнително, образование, стручно се оспособени за работа со тие извори.

Член 6

Лицата што работат во нуклеарни електрани, на нуклеарни реактори, на акцелератори, во лаборатории за работа со радиоактивни материи со висока активност, на постројки што служат за преработка на радиоактивни руди, нуклеарни суровини, озрачени горива и фисиони продукти, во објекти за чување, обработување и конечно сместување на радиоактивни отпадни материи, како и во други нуклеарни постројки, покрај стручната подготовка потребна за вршење на одредени работи во тие постројки, уреди и објекти мораат да ги познаваат основите на заштитата на човекот и човековата средина од јонизирачки зрачења и мерките за заштита во врска со работите што ги вршат и да имаат доказ за тоа.

Степенот на познавањето на основите и мерките за заштита од јонизирачки зрачења се утврдува за лицата од став 1 на овој член зависно од видот и степенот на школската подготовка, како и од видот и природата на работите што ги вршат тие лица.

Член 7

Лицата што вршат работи на заштита од јонизирачки зрачења мораат да ја имаат школската подготовка што е предвидена за вршење работи во областа на заштитата и што во текот на школувањето и со дополнително образование се оспособени да вршат работи на заштита од јонизирачки зрачења на човекот и човековата средина.

Член 8

Со извори на јонизирачки зрачења на смеат да работат:

1) лица што имаат заболувања на хематопоетските органи, малигни заболувања или заболувања на очната леќа (катаракт);

2) лица што имаат промени врз кожата предизвикани со јонизирачки зрачења;

3) лица што боледуваат од тешки растројувања на ендокрините жлезди, потешки нервни или душевни заболувања или еволутивна туберкулоза.

Со уран или уранови соединенија не смеат да работат ниту лица што имаат заболување на бубрезите.

Член 9

Здравствениот преглед на лицата пред стапување на работа со извори на јонизирачки зрачења опфаќа особено:

1) општ клинички преглед;
2) хематолошки анализи;
3) преглед на очната леќа;
4) гинеколошки преглед — за жени,
5) радиографија на белите дробови;
6) функционално испитување на бубрезите — за лицата што ќе работат со уран и со уранови соединенија.

Член 10

Здравствениот преглед на лицата во текот на работата со извори на јонизирачки зрачења опфаќа особено:

1) општ клинички преглед;
2) хематолошки анализи;
3) преглед на очната леќа;
4) испитување на целуларните елементи на спутумот, радиографија на белите дробови, спирометриски и аудиометриски испитувања — за работниците во рудниците на уран;
5) радиотоксиколошки испитувања — за работниците што работат со отворени извори на јонизирачки зрачења со висока радиотоксичност и за работниците во рудниците на уран со поголем експозиционен стаж од пет години, и ако примиле повеќе од 6WLM (месечно работно ниво на озрачувањето на работниците) во текот на годината:
6) испитување на бинуклеарните лимфоцити;
7) капилароскопски испитувања за работниците изложени на X и гама зрачење;
8) испитување на хромозонските аберации во лимфоцитите;

9) испитување на вкупната гама активност на човековото тело.

Член 11

Здравствените прегледи и испитувања предвидени во член 10 на овој правилник се вршат, и тоа:

1) прегледите и испитувањата од точ. 1 до 5 на тој член — најмалку еднаш годишно;

2) прегледите и испитувањата од точ. 6 и 7 на тој член — еднаш во две години;

3) испитувањето од точка 8 на тој член — се врши:

— во првата година на работата со извори на јонизирачки зрачења и секоја петта година ако вкупната примена доза на озрачување за пет години била над 5 rem-и, односно над 10 rem-и за работниците што работат во нуклеарни електрани и други нуклеарни постројки;

— ако кумулативното озрачување на работниците во рудниците на уран за пет години биде над 30 WLM;

— ако работник биде озрачен еднократно со доза поголема од 5 rem-и;

4) испитувањето од точка 9 на тој член — на барање од лекар.

Член 12

Лицата што се подложуваат на здравствени прегледи пред стапувањето на работа и во текот на работата со извори на јонизирачки зрачења (чл. 9 и 10) треба да го имаат следниот хематолошки наод:

— број на белите крвни зрнца	4.000 до 9.000
— полиморфонуклеари	45 до 75%
— лимфоцити	20 до 45%
— бинуклеарни лимфоцити	до 3 на 10.000 леукоцити
— хромозонски аберации во лимфоцитите	до двојна просечна вредност за населението
— број на црвените крвни зрнца:	
за мажи	3,800.000 до 5,500.000
за жени	3,500,000 до 5,000.000
— индекс на боењето	0,9 до 1,1
— број на тромбоцитите	најмалку 150.000 (според Cristiansonu)

Член 13

Организацијата на здружениот труд веднаш ги упатува на лекарски преглед лицата за кои ќе се утврди дека при работата со извори на јонизирачки зрачења се озрачени по целото тело над 5 rem-и во текот на една година. Тие лица можат натаму да работат со извори на јонизирачки зрачења само под условите што ќе ги одреди лекар.

Член 14

Со извори на јонизирачки зрачења можат да работат лица што се оспособени да работат со извори на јонизирачки зрачења во согласност со прописите што важеле до денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Со рендген-апарати можат да работат лица што до денот на влегувањето во сила на овој правилник започнале четиримесечен курс на рендген-техника и заштита, ако го завршат со успех.

Член 15

Лицата што на денот на влегувањето во сила на овој правилник ќе се затечат на работа со извори на јонизирачки зрачења, односно на работи на заштита од јонизирачки зрачења, а во поглед на стручната оспособеност не ги исполнуваат условите пропишани со овој правилник, се должни да прибават докази за стручната оспособеност во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој правилник

Член 16

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3361/5
11 април 1977 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
здравство и социјална
заштита,
Зора Томиќ, с. р.

350.

Врз основа на член 30 став 1 точка 9 од Законот за заштита од јонизирачки зрачења („Службен лист на СФРЈ", бр. 54/76), во согласност со Сојузниот секретаријат за внатрешни работи и со Сојузниот секретаријат за народна одбрана, Сојузниот комитет за здравство и социјална заштита пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА ИСПУШТАЊЕ, ЧУВАЊЕ, ОБРАБОТУВАЊЕ И КОНЕЧНО СМЕСТУВАЊЕ НА РАДИОАКТИВНИ ОТПАДНИ МАТЕРИИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Испуштање, чување, обработување и конечно сместување на радиоактивни отпадни материи во цврста, течна и гасовита состојба, се врши на начинот и под условите пропишани со овој правилник.

Член 2

Под цврсти радиоактивни отпадни материи, во смисла на овој правилник, се подразбираат материите во цврста агрегатна состојба што содржат радиоактивни супстанции, ако нивната специфична активност (μ Ci/g) е сто пати поголема од средната годишна максимално дозволена концентрација во вода за пиење, што е пропишана за поединци што не работат со извори на јонизирачки зрачења, под услов периодот на полураспадот на радионуклидите да е пократок од 60 дена, односно ако нивната специфична активност е десет пати поголема од таа концентрација, под услов периодот на полураспадот на радионуклидите да е подолг од 60 дена.

Под максимално дозволени концентрации на радионуклиди во вода за пиење, за поединци што не работат со извори на јонизирачки зрачења, во смисла на овој правилник, се подразбираат нормите содржани во препораките на Меѓународната комисија за заштита од зрачења (ICRP).

Под течни радиоактивни отпадни материи, во смисла на овој правилник, се подразбираат отпадните течности чија специфична активност е поголема од максимално дозволените концентрации на радионуклидите во вода за пиење, за поединци што работат на извори на јонизирачки зрачења.

Под гасовити радиоактивни отпадни материи, во смисла на овој правилник, се подразбираат отпадните радиоактивни гасови и гасовите што се контаминирани, ако моментно или кумулативно можат да контаминираат кој и да било дел од човековата средина над максимално дозволените граници.

II. ИСПУШТАЊЕ, ЧУВАЊЕ, ОБРАБОТУВАЊЕ И КОНЕЧНО СМЕСТУВАЊЕ НА РАДИОАКТИВНИ ОТПАДНИ МАТЕРИИ

1. Цврсти радиоактивни отпадни материи

Член 3

Собирање и чување на цврсти радиоактивни отпадни материи се врши одвоено од други материи.

Член 4

Цврстите радиоактивни отпадни материи што ќе настанат во работниот процес се собираат во метални контејнери во кои се вложени вреќи од пластични маси.

Кога вреќите ќе се наполнат или кога јачината на дозата на зрачењето ќе достигне 2,5 mR/h, вреќите се обележуваат со соодветни знаци за предупредување и се однесуваат на местото определено за одлежување, односно привремено чување.

Ако поради технолошка постапка или од други оправдани причини не може да се постапи според одредбата на став 2 од овој член, се преземаат посебни мерки за заштита со кои се обезбедува лицата што работат на тие работи да не бидат изложени на озрачување над пропишаната граница.

Член 5

Контејнерите во кои се чуваат цврсти радиоактивни отпадни материи мораат цврсто да се затвораат. Внатрешната површина на контејнерите мора да биде мазна и изработена од материјал што овозможува евентуална обработка со раствори за деконтаминација.

Контејнерот во кој се чува цврста радиоактивна отпадна материја, а чија вкупна (бруто) тежина е поголема од 50 kg, мора да биде снабден со помагала за носење и вршење на механички манипулации.

Член 6

Јачината на дозата на зрачење на контејнерот во кој се спакувани цврсти радиоактивни отпадни материи заради одлежување или чување до конечното сместување, не смее да биде поголема од 200 mR/h, мерено контактно или 10 mR/h, мерено на растојание од еден метер од површината на контејнерот.

Јачината на дозата на зрачењето надвор од складот мора да ги задоволува општите норми за заштита од зрачење.

Член 7

Цврстите радиоактивни отпадни материи што поради својата тежина, облик или јачина на дозата на зрачењето не можат да се собираат во контејнери, се собираат одвоено и се сместуваат така што да се обезбедени пропишаните услови за заштита од јонизирачки зрачења.

Член 8

Цврстите радиоактивни отпадни материи што содржат алфа емитери се собираат во вреќи од пластична маса, што се вложуваат во метални контејнери. Наполнетите вреќи се затвораат и привремено се чуваат во херметички затворени контејнери, одвоено од други цврсти радиоактивни отпадни материи.

Контејнерите во кои се чуваат цврсти радиоактивни отпадни материи што содржат алфа емитери мораат да бидат посебно означени.

Член 9

Струганки и прав од метален неозрачен уран се собираат одвоено од други цврсти радиоактивни отпадни материи. Тие отпадоци се собираат во метални контејнери во кои е налеано минерално масло, така што да мораат да бидат целосно потопени.

Член 10

Цврстите радиоактивни отпадни материи што содржат биолошки отпаден материјал (трупови на животни врз кои се вршени испитувања) се пакуваат во вреќи од пластична маса или се потопуваат во формалин. Времето на чувањето на таквите материи во вреќи од пластична маса може да изнесува најдолго три дена, по што конечно се отстрануваат во согласност со одредбите од овој правилник.

Член 11

Местото на кое се чуваат, обработуваат или конечно сместуваат цврстите радиоактивни отпадни материи се смета како забранета радијациона зона во која не е дозволен пристап на неовластени лица, како и на добиток. Таа зона мора да биде заградена и обележена со соодветни знаци за предупредување.

Во близината на местото на кое се чуваат или конечно сместуваат цврсти радиоактивни отпадни материи не смеат да се држат запаливи, експлозивни или други материи што би можеле да ја зголемат опасноста од контаминација на човековата средина.

Член 12

Објектите во кои се чуваат или конечно сместуваат цврсти радиоактивни отпадни материи мораат да бидат изработени така што да обезбедат заштита на човековата средина од зрачење и контаминација над дозволените граници.

Член 13

Сите работи во забранетите радијациони зони се вршат со задолжителна дозиметриска контрола и со преземање мерки за заштита од зрачење (ограничување на времето на престојот, применување на лични заштитни средства и на заштитни екрани, работа на растојание и сл.

Член 14

Конечно сместување на цврсти радиоактивни отпадни материи може, зависно од видот и начинот на обработката, да се врши во отворени и затворени простори и објекти само на такви места и под услови што обезбедуваат заштита на човековата средина од јонизирачки зрачења.

Член 15

Цврстите радиоактивни отпадни материи во облик на струганки од метален уран привремено се чуваат потопени во масло, најдолго три дена, а потоа мораат да се претворат во облик погоден за сместување и чување.

Ако радиоактивните отпадни материи од став 1 на овој член натаму се користат или преработуваат, нивното чување во контејнери со масло не смее да трае подолго од два месеца и контејнерите не смеат херметички да се затворат.

Контејнерите со струганки од метален уран се чуваат на пристапно место со добра циркулација на воздух. Контејнерите треба да се сместени во посебни боксови изградени од тули или бетон, а во секој бокс не смее да има повеќе од 5 контејнери. Температурата на секој бокс мора секојдневно да се контролира.

Член 16

Рудните јаловини во рудници на уран, како и другите радиоактивни јаловини, не смеат да се поставуваат на места од кои на кој и да било начин можат да ја загрозат човековата средина.

Организацијата на здружениот труд што има радиоактивна рудна јаловина е должна да ги преземе сите потребни мерки за заштита од зрачење и контаминација на човековата средина. За таа цел бреговите од насипаната јаловина се покриваат со слој на непропустлива глина или друг соодветен материјал, при обезбедување дренажа на атмосферските врнежи.

По околината на таквите брегови на јаловина треба да се насадат појаси на растенија за да се спречи распростирањето на прав, и однесувањето на насипаниот материјал во случај на поплави.

Мерките од овој член ќе се применуваат и врз цврстите радиоактивни отпадни митерии што настануваат во погони за преработка на уран.

Член 17

Цврстите радиоактивни отпадни материи што настануваат со преработка на други отпадни радиоактивни материи, се собираат во контејнери и се пренесуваат во складови за чување или конечно сместување на цврсти радиоактивни отпадни материи.

2. Течни радиоактивни отпадни материи

Член 18

Секоја течност што може да биде контаминирана со радиоактивни материи над границите определени во член 2 од овој правилник подлежи на мерење и контрола.

Секое место на кое може да настане течна радиоактивна отпадна материја, мора да биде опремено за нејзино непосредно прифаќање, односно собирање.

Член 19

Според специфичната активност, течните радиоактивни отпадни материи при собирањето се распоредуваат:

1) на нискоактивни, од 10^{-2} μ Ci/ml;
2) на средноактивни, над 10^{-2} до 10^{2} μ Ci/ml;
3) на високоактивни, над 10^{2} μ Ci/ml.

Член 20

Кога количеството на течните нискоактивни отпадни материи постојано преминува 200 l/ден, а средноактивните или високоактивните материи —100 l/ден, од изворот до собирните, односно прифатните резервоари се поставува специјален канализационен систем. Во другите случаи местата на кои ќе настанат такви материи мораат да имаат погодни прифатни садови.

Член 21

Специјалниот канализационен систем за одвод на течни радиоактивни отпадни матриии мора да биде затворен. Изборот на материјалите за изградба на овој систем мора да биде приспособен кон особините на сите видови течни радиоактивни материии, што втасуваат или можат да втасаат во тој канализационен систем.

Член 22

Специјалниот канализационен систем за одвод на течни радиоактивни отпадни материи, мора да биде изграден така што евентуалните разлевања да можат брзо да се отстранат, а течноста што ќе истече да може лесно и брзо да се собере. Тој канализационен систем мора да биде пристапен за преглед и контрола.

Член 23

Деловите на специјалниот канализационен систем, вклучувајќи ги и резервоарите што се наоѓаат во работните простории, мораат да бидат заштитени така што јачината на дозата на зрачењето да не смее да биде поголема од дозата дозволена за работната средина.

Другите делови на специјалниот канализационен систем мораат да бидат поставени така што да ги задоволуваат општите норми за заштита од зрачење.

Специјалниот канализационен систем за одвод на течни радиоактивни отпадни материи мора да биде видно обележен.

Член 24

За собирање на нискоактивни течни радиоактивни отпадни материи можат да се употребуваат соодветни преносни садови од пластична маса со затворач, или од некој друг погоден тешко кршлив материјал отпорен спрема хемикалии. Зафатнините на тие садови не можат да бидат поголеми од 100 литри. Садовите поголеми од 50 литри мораат да имаат помагала за носење и ракување.

Садовите од став 1 на овој член се пренесуваат на собирното место, под услов јачината на дозата на зрачењето на растојание од еден метар да не преминува 10 mR/h.

Наполнетите и добро затворени садови се обележуваат на пропишаниот начин.

Член 25

Средноактивните и високоактивните течни радиоактивни отпадни материи кои ги има помалку од 100 литри се собираат во контејнери што се состојат од внатрешен сад (направен обично од не'рѓосувачки челик) и заштитен оклоп.

Типот и материјалот на контејнерите од став 1 на овој член зависи од степенот на активноста, хемискиот состав и количеството на тековната радиоактивна отпадна материја како и од траењето на сместувањето.

Дебелината на заштитниот оклоп на контејнерите од став 1 на овој член мора да биде толкава што јачината на дозата на зрачењето на растојание од 1 m да не биде поголема од 10 mR/h.

Контејнерите од став 1 на овој член мораат херметички да се затворат.

Член 26

За собирање на високоактивни течни радиоактивни отпадни материи, кај кои доаѓа до создавање на топлина и гасови, се употребуваат специјални контејнери што обезбедуваат соодветна заштита од контаминација на човековата средина.

Член 27

Течните радиоактивни отпадни материи со кратко живечки радионуклиди привремено се сместуваат и чуваат од транспорт или обработка, на начинот што обезбедува соодветна заштита од контаминација на човековата средина.

Член 28

Во поглед на јачината на дозата на зрачењето од контејнерите во кои течните радиоактивни материи привремено се сместени, како и во поглед на јачината на дозата на зрачењето, надвор од складот, се применуваат одредбите на член 6 од овој правилник.

Член 29

Обработка на течни радиоактивни отпадни материи во соодветни постројки се врши заради нивна концентрација или заради намалување на нивната специфична активност на вредност што ги задоволува нормите за испуштање.

Член 30

Во поглед на изборот на местото и на заштитните мерки за чување и обработување на течни радиоактивни отпадни материи и во поглед на условите

за конечно сместување на таквите материи, се применуваат одредбите на чл. 11 до 14 од овој правилник.

Член 31

Помали количества на високоактивни течни радиоактивни отпадни материи се собираат во подвижни контејнери, со кои конечно се сместуваат во специјално изградени складови или на други места определени за конечно сместување.

Член 32

Испуштање на течни радиоактивни отпадни материи во реки може да се дозволи ако во поглед на нивниот хемиски состав, специфичната и вкупната активност, местото и техничките елементи на нивното испуштање во река се исполнети условите пропишани со овој правилник.

Член 33

Хемискиот состав на течни радиоактивни отпадни материи што се испуштаат во река мора да им одговара на условите за испуштање на нерадиоактивни отпадни води и со речната вода не смее да доведе до непосредно таложење на радиоактивните компоненти.

Член 34

Специфичната активност по секој радионуклид во течна радиоактивна отпадна материја, приготвена за испуштање во река, не смее да го преминува производот на факторот на разблажувањето K и максимално дозволените концентрации на односниот радионуклид во вода за пиење за поединци што не работат на извори на јонизирачки зрачења. Факторот на разблажувањето K е неименуван број што зависи од случајот, а се определува така за да се обезбеди заштита од јонизирачки зрачења на човекот и на човековата средина.

Вкупната активност на течните радиоактивни отпадни материи што во текот на една година може да се излее во река се пресметува според образецот:

$$\frac{F}{Q} \quad \frac{Ai}{(MDK)_i} \leq 1$$

каде што е:

A_i = вкупна активност на i-тиот радионуклид што се испушта во река во текот на една година во Ci;

$(MDK)_i$ = максимално дозволена концентрација на i-тиот радионуклид во вода за пиење за поединци што не работат со извори на јонизирачки зрачења Ci/m^3;

Q = просечен годишен проток на реката во m^3;

F = фактор на сигурноста и резервата, кој е неименуван број и зависи од радиолошките и хидродинамичките услови на реката, од намената на речната вода, од бројот и положбата на изливните места, од радијационата ситуација во речниот слив, како и од други податоци, а се определува така, што да се обезбеди заштита од јонизирачки зрачења.

Член 35

Течни радиоактивни отпадни материи се испуштаат во река рамномерно. По исклучок, а најмногу три пати годишно и во растојание од по три месеци, максималната месечна активност може да изнесува 1/4 од вкупната годишна активност определена според образецот од член 34 на овој правилник.

Член 36

Испуштање на течни радиоактивни отпадни материи во река може да се врши само вон од населени места и вон барањето на црпни станици за водоводи и иригација.

Член 37

Испуштање на течни радиоактивни отпадни материи не смее да се врши во река ако зоната на мешањето е зафатена со поплава.

3. Гасовити радиоактивни отпадни материи

Член 38

Корисниците и производителите на радиоактивни материи се должни да обезбедат обработка на гасовити радиоактивни отпадни материи пред нивното испуштање во атмосферата ако постои можност од контаминација на човековата средина над пропишаната граница.

Корисниците и производителите од став 1 на овој член обезбедуваат контрола на радиоактивната контаминација на атмосферата во својата средина.

Член 39

Материјалите што се употребувани за пречистување на гасовити радиоактивни отпадни материи се сметаат како радиоактивни отпадни материи.

III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 40

На случаите во кои начинот и условите за испуштање на радиоактивни отпадни материи во човековата средина, нивното чување, обработување или конечно сместување не се пропишани со овој правилник, сообразно ќе се применуваат соодветните одредби на препораките на Меѓународната агенција за атомска енергија.

Член 41

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3361/6
11 април 1977 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
здравство и социјална
заштита,
Зора Томиќ, с. р.

351.

Врз основа на член 11 став 2 од Законот за здружување на организациите на здружен труд во општи здруженија и во Стопанската комора на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 54/76), а по прибавено мислење од организациите на здруженот труд, Собранието на Стопанската комора на Југославија донесува

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ГРАНКИТЕ НА СТОПАНСТВОТО ЗА КОИ СЕ ОСНОВААТ ОПШТИ ЗДРУЖЕНИЈА

1. Се утврдуваат гранките на стопанството за кои се основаат општи здруженија, согласно со Законот за здружување на организациите на здружен труд во општи здруженија и во Стопанската комора на Југославија, и тоа:

1) за производството на јаглен (0102):

едно општо здружение, во кое се здружуваат организациите на здруженото труд од следните дејности: производство на јаглен (производство на камен јаглен, производство на мрк јаглен, производство и сушење на лигнит);

2) за производството на нафта и земен гас (0104) и за производството на деривати од нафта (0105):

едно општо здружение, во кое се здружуваат организациите на здруженото труд од следните дејности: производство на сурова нафта; производство на земен гас; производство на деривати од нафта и цевоводен транспорт без транспорт на хемикалии;

3) за производството на железна руда (0106) и за црната металургија (0107):

едно општо здружение, во кое се здружуваат организациите на здруженото труд од следните дејности: производство на железна руда; производство на железо и челик (производство на сурово железо, производство на суров челик, производство на валан, влечен и кован челик); производство на феролегури и преработка на јаглен (производство на кокс и полукокс);

4) за производството на руди од обоени метали (0108), за производството на обоени метали (0109) и за преработката на обоени метали (0110):

едно општо здружение, во кое се здружуваат организациите на здруженото труд од следните дејности: производство на руди и концентрат на бакар; производство на руди и концентрати на олово и цинк; производство на боксит; производство на руди и концентрати на други обоени метали; производство на бакар; производство на олово; производство на цинк, производство на глиница и алуминиум (производство на глиница, производство на алуминиум); производство на други обоени метали (производство на антимон, производство на жива, производство на неспомнати обоени метали); преработка на алуминиум; преработка на бакар и други обоени метали (преработка на бакар и легури на бакар, преработка на олово, преработка на цинк, преработка на други обоени метали);

5) за металопреработувачката дејност (0113), за машиноградбата (0114), за производството на сообраќајни средства (0115), за бродоградбата (0116) и за производството на електрични машини и апарати (0117):

едно општо здружение, во кое се здружуваат организациите на здруженото труд од следните дејности: производство на метални репродукциони материјали (производство на леани, ковани и пресувани производи, производство на метален инсталационен материјал, производство на алати, производство на метална амбалажа, производство на клинци, заковки, вијци и други жичени стоки, производство на тркалечки лагери, производство на друг метален репродукционен материјал); производство на метални, градежни и други конструкции; производство на стоки за широка потрошувачка и други метални производи; производство на машини и уреди (без електрични и земјоделски); производство на енергетски машини и уреди; производство на градежни и рударски машини и уреди; производство на машини за обработка на метали и дрво; производство на други машини и уреди (без електрични и земјоделски); производство на земјоделски машини; производство на опрема за професионални и научни цели, мерни и контролни инструменти и уреди за автоматизација на управувањето; производство и поправка на шински возила (производство на шински возила, поправка на шински возила); производство на друмски возила (производство на мотори, производство на камиони и специјални возила, производство на патнички автомобили, производство на трактори, производство на моторцикли и мопеди, производство на велосипеди, производство на делови и прибор за моторни возила); производство на други сообраќајни средства; бродоградба (поморска бродоградба, речна бродоградба), производство на електрични машини и уреди; производство на електронски и телекомуникациони уреди (производство на составни делови на електронски апарати и уреди, производство на радио и телевизиски приемници и електро-акустични апарати и уреди, производство на комуникациони апарати и уреди, производство на мерна и регулациона опрема, средства за управување и автоматизација во индустријата и сообраќајот, производство на неспомнати електронски апарати и уреди); производство на кабли и спроводници, производство на електрични апарати за домаќинство (производство на термички апарати, производство на разладни апарати и уреди, производство на апарати и уреди за перење и сушење, производство на други апарати за домаќинството); производство на други електротехнички производи (производство на електроинсталациони материјали, производство на сијалици и луминисцентни цевки, производство на акумулатори и галвански елементи, производство на неспомнати електротехнички производи);

6) за производството на неметални минерали (0111), за преработката на неметални минерали (0112):

едно општо здружение во кое се здружуваат организациите на здруженото труд од следните дејности: производство на неметални минерали, без соли (производство на азбест, производство на магнезит и глина, производство на кварцен песок, производство на други неметални минерали); производство на соли (производство на морска сол, производство на други соли); производство на стакло (производство на рамно стакло, производство на амбалажно стакло, производство на друго стакло); производство на огноотпорни материјали; производство на порцелан и керамика (производство на порцелан и керамика за домаќинството, производство на градежно-техничка керамика и порцелан); преработка на други неметални минерали (производство на азбестни производи, производство на јаглеграфитни производи, друга преработка на неметални минерали);

7) за производството на базни хемиски производи (0118), за преработката на хемиски производи (0119), за преработката на каучук (0129):

едно општо здружение, во кое се здружуваат организациите на здруженото труд од следните дејности: производство на хемикалии (освен за земјоделството); производство на хемикалии за земјоделството; производство на хемиски влакна и пластични маси (производство на вештачки и синтетички влакна, производство на пластични маси); производство на лекови и фармацевтски суровини; производство на средства за перење и козметички препарати; производство на бои и лакови; преработка на пластични маси (производство на амбалажа од пластични маси, друга преработка на пластични маси); производство на други хемиски производи; преработка на каучук (производство на гуми за возила, друга преработка на каучук — производство на сите видови гумени производи, производство на обувки од гума, гумено-технички производи и гумена галантерија, гумени чаши и душеци, како и регенерација на гума од стари гумени производи);

8) за високоградбата (0501), за нискоградбата и за хидроградбата (0502), инсталационите и завршните работи во градежништвото (0503), за производството

на камен, чакал и песок (0120) и за производството на градежен материјал (0121):

едно општо здружение, во кое се здружуваат организациите на здруженото труд од следните дејности: високоградба; нискоградба и хидроградба (изградба на сообраќајни објекти — освен одржување на патишта, изградба на хидроградежни објекти, изградба на други објекти на нискоградба); инсталациони и завршни работи во градежништво (поставање и поправка на градежни инсталации, завршни и занаетчиски работи во градежништвото); производство на камен, чакал и песок (производство и обработка на камен, производство на чакал и песок, производство на суров гипс — садра); производство на вар и гипс (производство на вар, производство на гипс); производство на цемент; производство на тули и керамиди; производство на градежни префабрикати и битуменски производи (производство на азбестно-цементни производи, производство на префабрикувани градежни елементи, производство на битуменски материјали за патишта и покриви);

9) за шумарството (0300), за производството на режана граѓа и плочи (0122), за производството на финални производи од дрво (0123) и за производството и преработката на хартија (0124):

едно општо здружение, во кое се здружуваат организациите на здруженото труд од следните дејности: шумарство (одгледување шуми, заштита на шуми, искористување на шуми, лов и одгледување на дивеч); производство на режана граѓа и плочи (производство на режана граѓа, производство на фурнир и плочи, импрегнација на дрво); производство на мебел од дрво; производство на други финални производи од дрво (производство на амбалажа од дрво, производство на градежни елементи од дрво, производство на галантерија од дрво и плута, производство на предмети од прачки); производство на целулоза и хартија; преработка на хартија (производство на хартијна амбалажа, друга преработка на хартија);

10) за графичката дејност (0134):

едно општо здружение, во кое се здружуваат организациите на здруженото труд од наведените дејности;

11) за производството на текстилни предива и ткаенини (0125) и за производството на готови текстилни производи (0126):

едно општо здружение, во кое се здружуваат организациите на здруженото труд од следните дејности: производство на влакна, предиво и конец (производство на конопено и ленено влакно, производство на предиво и конец од памучен тип, производство на предиво од волнен тип, производство на предиво и јажарија од тврди и ликести влакна, производство на предиво и конец од природна и вештачка свила, производство на синтетично креп-предиво и конец); производство на ткаенини (производство на памучни ткаенини, производство на волнени ткаенини, производство на ткаенини од предива од тврди и ликести влакна, производство на свилени ткаенини); производство на трикотажни предмети (производство на трикотажни ткаенини, производство на трикотажна рубелина, производство на трикотажна облека, производство на чорапи, производство на позамантерија); производство на текстилна конфекција (производство на рубелина — освен трикотажна, производство на облека, производство на рубелина за домаќинството, производство на тешка конфекција); производство на други текстилни производи (производство на прекривки за под, производство на неспомнати текстилни производи);

12) за производството на кожа и крзно (0127) и за производството на кожени обувки и галантерија (0128):

едно општо здружение, во кое се здружуваат организациите на здруженото труд од следните дејности: производство на кожа и крзно (производство на крупна кожа, производство на свињска кожа, производство на ситна кожа и крзно); производство на кожени обувки; производство на кожена галантерија; производство на кожена и крзнена конфекција;

13) за земјоделското производство (0201), за земјоделските услуги (0202), за рибарството (0203), за производството на прехранбени производи (0130), за производството на пијалаци (0131) и за производството на храна за добиток (0132):

едно општо здружение, во кое се здружуваат организациите на здруженото труд од следните дејности: ратајство; овоштарство, лозарство, сточарство; земјоделски услуги (земјоделски услуги за растително производство, земјоделски услуги за сточарство); рибарство (рибарство на море, рибарство на реки, езера и рибници); мелење и лупење жита; производство на леб и тестенини (поизводство на леб и печиво, производство на тестенини); преработка и конзервирање на овошје и зеленчук; преработка и конзервирање на месо и риби (колење на добиток, преработка и конзервирање на месо, преработка и конзервирање на риби); преработка и конзервирање на млеко; производство на шеќер; производство на кондиторски производи (производство на какао-производи, производство на бонбони и слатки, производство на кекс и сродни производи, производство на индустриски слатки); производство на растителни масла и масти; производство на други прехранбени производи (производство на скроб и преработки; производство на зачини, кавовини и други прехранбени производи); производство на алкохол од растително потекло и алкохолни пијалаци (производство на алкохол од растително потекло, производство на пиво, производство на вино, производство на вински дестилат, вињак и ракија од грозје и вино, производство на ракија од овошје, производство на други алкохолни пијалаци); производство на безалкохолни пијалаци (производство на освежувачки пијалаци, производство на минерална вода); производство на храна за добиток;

14) за производството и за преработката на тутун (0133):

едно општо здружение, во кое се здружуваат организациите на здруженото труд од следните дејности: производство на фермеитиран тутун; преработка на тутун;

15) за водостопанството (0400):

едно општо здружение, во кое се здружуваат организациите на здруженото труд од следните дејности: водостопанство (искористување и употреба на водите, заштита од штетното дејство на водите, заштита на водите од загадување);

16) за поморскиот сообраќај (0602), за речниот и езерскиот сообраќај (0603), за воздушниот сообраќај (0604), за друмскиот сообраќај (0605), за градскиот сообраќај (0606) и за претоварните услуги (0608) (без претоварот во железничките станици):

едно општо здружение, во кое се здружуваат организациите на здруженото труд од следните дејности: поморски сообраќај (превоз на патници и стоки во поморскиот сообраќај, услуги во помор-

скиот сообраќај); речен и езерски сообраќај (превоз на патници и стоки во речниот и езерскиот сообраќај, услуги во речниот и езерскиот сообраќај); воздушен сообраќај (превоз на патници и стоки во воздушниот сообраќај, услуги на аеродроми, услуги на стопанската авијација); друмски сообраќај (превоз на патници во друмскиот сообраќај, превоз на стоки во друмскиот сообраќај, услуги во друмскиот сообраќај, одржување на патишта); градски сообраќај (превоз на патници со таксиавтомобили, превоз на патници со други сообраќајни средства); претоварни услуги (претоварни услуги во луки, претоварни услуги во пристаништа); услуги на внатрешната и меѓународната шпедиција, посредништво, вршење комисиони работи во областа на сообраќајот;

17) за трговијата на мало (0701), за трговијата на големо (0702), за надворешната трговија (0703), за услугите во областа на прометот (1103) и за деловните услуги (1109):

едно општо здружение, во кое се здружуваат организациите на здруженият труд од следните дејности: трговија на мало со прехранбени производи (леб, печиво, млеко и млечни производи, зеленчук, овошје и преработки, месо, живина, риба и месни преработки, разни животни намирници, алкохолни пијалаци и производи за домашни потреби); трговија на мало со непрехранбени производи (текстил и конфекција, обувки, кожа, гума и пластика, метални и електротехнички стоки, огрев и градежен материјал, мебел, керамика, стакло и порцелан, бои, лакови и хемикалии, книги, канцелариски материјал и прибор, тутун и други непрехранбени производи); трговија на мало со мешовити стоки (стоковни куќи, друга трговија со мешовити стоки); трговија на мало со возила и делови; трговија на мало со деривати од нафта; трговија на големо со прехранбени производи (жито и млечни производи, зеленчук, овошје и преработки, алкохолни пијалаци, добиток и живина, разни животни намирници и производи за домашни потреби); трговија на големо со непрехранбени производи (текстил и конфекција, сурова кожа, волна и сл., метални и електротехнички стоки, градежни, санитарни и инсталациони материјали, хемиски производи, бои и лакови, хартија, канцелариски материјал и прибор, лекови и санитетски материјал, тутун и други непрехранбени производи); трговија на големо со возила, со делови и прибор; трговија на големо со деривати од нафта; трговија на големо со мешовити стоки; трговија на големо со индустриски отпадоци; надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непреханбени производи; услуги во областа на прометот (јавни складови и пазаришта, услуги на реклама и економска пропаганда, неспомнати услуги во областа на прометот); услуги на контрола на квалитетот и квантитетот на стоките; приредување саеми и изложби;

18) за угоститетството (0801) и за туристичкото посредување (0802):

едно општо здружение, во кое се здружуваат организациите на здруженият труд од следните дејности: угостителски услуги на сместување (хотели, мотели, пансиони и туристички населби со сезонско работење; хотели, мотели, пансиони и туристички населби со целогодишно работење; работнички, детски и младински одмаралишта; кампови; други услуги на сместување); угостителски услуги на исхрана (ресторани со послужување, ресторани со самопослуживање, ресторани на општествената исхрана, други услуги на исхрана); други угостителски услуги; туристичко посредување (туристички агенции, туристички бирои).

2. Организациите на здруженият труд од гранките на стопанството: проектирање и сродни технички услуги (1104), геолошки истражувања (1105) и истражувачко-развојна работа (1106) се здружуваат во оние општи здруженија во кои, согласно со оваа одлука, се здружуваат организациите на здруженият труд со кои взаемно се поврзани во однос на дејноста што претежно ја вршат.

Организациите на здруженият труд од гранките на стопанството: комунална дејност (1003), занаетчиски услуги и поправки (0901), производство на разновидни производи (0139), уредување на населби и простори (1001), станбена дејност (1002) и други дејности што не се наведени во точка 1 од оваа одлука, се здружуваат во општи здруженија според основните дејности што ги вршат.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето.

4. Оваа одлука да се објави во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 0210/4
9 мај 1977 година
Белград

Претседател
на Стопанската комора на Југославија,
Илија Вакиќ, с. р.

352.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

СПОГОДБА

ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА СМЕКНУВАЧИ

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите на 18 јуни 1976 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за смекнувачи, со тоа што производителските организации на здруженият труд да можат своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата да ги зголемат така што највисоките продажни цени да изнесуваат, и тоа:

	Дин/t
1) јувинил-74	14.715
2) ипланол-ON	14.715

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во Спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени со решението бр. 2921 од 16 мај 1977 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставници на производителите: „Југовинил" — Сплит и „Иплас" — Копер.

Претставници на купувачите — потрошувачи: 13 купувачи — потрошувачи потписници на Спогодбата.

УКАЗИ

Врз основа на член 337 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателот на Републиката донесува

УКАЗ

ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА НА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО НАРОДНА РЕПУБЛИКА БАНГЛАДЕШ И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО НАРОДНА РЕПУБЛИКА БАНГЛАДЕШ

I

Се отповикува

д-р Дејан Костиќ, од должноста на извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Народна Република Бангладеш.

II

Се назначува

Живко Јошило, ополномоштен министер во Сојузниот секретаријат за надворешни работи, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Народна Република Бангладеш.

III

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 9
10 мај 1977 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

НАЗНАЧУВАЊА И РАЗРЕШУВАЊА

Врз основа на точка 8 став 1 и точка 11 став 2, од Одлуката за организацијата и работата на Кабинетот на Претседателот на Републиката, стр. пов. бр. 320 од 20 февруари 1975 година, Претседателот на Републиката донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ШЕФ НА ПРОТОКОЛОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКАТА

Антон Лах, началник на управа во Сојузниот секретаријат за надворешни работи, се именува за шеф на Протоколот на Претседателот на Републиката, во ранг на заменик-сојузен секретар.

Р. бр. 1
17 мај 1977 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

СОДРЖИНА:

Страна

342. Одлука за именување заменик-генерален секретар на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија — — — — — — — — — 1221
343. Уредба за контниот план и за билансите за самоуправните интересни заедници — 1221
344. Одлука за дополнение на Одлуката за ослободување од плаќање на данок на промет на медаљони, значки и придатоци, што се издаваат по повод на настани од посебно значење за народите и народностите на Југославија — — — — — 1235
345. Правилник за испитување на контаминацијата со радиоактивни материи на воздухот, земјиштето, реките, езерата и морето цврстите и течните врнежи, водата за пиење, човечката и добиточната храна — — — — — — — — — 1235
346. Правилник за границите над кои населението и лицата што работат со извори на јонизирачки зрачења не смеат да бидат изложени на озрачување — — — 1238
347. Правилник за пуштање во промет и користење на радиоактивни материи над одредената граница на активност, рендген-апарати и други апарати што произведуваат јонизирачки зрачења и за мерките за заштита од зрачењето на тие извори — — — — — — — — — 1239
348. Правилник за повремените мерења на степенот на изложеноста на работните места на јонизирачки зрачења, за проверувањето на контаминацијата на работната средина и за проверувањето на исправноста на мерните инструменти и на заштитните средства — — — — — 1243
349. Правилник за стручната подготовка, здравствените услови и здравствените прегледи на лицата што можат да работат со извори на јонизирачки зрачења 1244
350. Правилник за начинот и условите за испуштање, чување, обработување и конечно сместување на радиоактивни отпадни материи — — — — — — — 1245
351. Одлука за утврдување на гранките на стопанството за кој се основаат општи здруженија — — — — — — — — — 1248
352. Спогодба за промена на затечените цени за смекнувачи — — — — — — — 1251

Укази — — — — — — — — — — — 1252

Назначувања и разрешувања — — — — 1252

Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристиќа бр. 1. Пош. фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Душан Машовиќ, Улица Јована Ристиќа бр. 1 — Печати Београдски издавачко-графички завод Белград, Булевар војводе Мишиќа бр. 17.